СОВЕТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И НАДЗОР НА РЕВИЗИЈАТА НА
Република Северна Македонија
KËSHILLI PËR AVANSIM DHE MBIKËQYRJE TË REVIZIONIT NË
Republikës e Maqedonisë së veriut
Бр.-Nr. 02-96/1
28.02 2024 год.-viti

Врз основа на член 14, а во врска со член 8 став 1 и член 35 од Законот за ревизија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15, 192/15, 23/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21) „Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија„, на седница одржана на 28.02.2024 година, ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за изменување и дополнување на одлуката за усвојување на "Насоки за подготовка на извештајот за транспарентност"**

1. Со оваа Одлука се прави измена и дополнување на Одлуката за усвојување на "Насоки за подготовка на извештајот за транспарентност",(во понатамошниот текст: Насоките) заради допрецизирање и утврдување на извршените законски и договорни ревизии, како и ревизиите на консолидираните финансиски извештаи кои се задолжителни за друштвата за ревизија и овластени ревизори – трговци поединци;

2. Измените и дополнувањата на Насоките се доставуваат и до Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија заради нивна натамошна примена од страна на друштвата за ревизија и овластени ревизори – трговци поединци.

3. Табела 1 и Табела 2 се составен дел на оваа одлука,.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и истата ќе се објави на веб страницата на „Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија”.

*Образложение*

Директоратот за контрола и надзор при Стручната служба на Советот, на годишно ниво ги обработува поединечните извештаи за транспарентност на друштва за ревизија и овластени ревизори-трговци поединци и изготвува збирен годишен извештај, согласно член 35 од Законот за ревизија. Во 2015 година на иницијатива на Советот во соработка со Институтот на овластени ревизори на РСМ била формирана работна група и се изготвени "Насоки за подготвување на извештаите за транспарентност" кои се задолжителни за друштвата за ревизија и овластени ревизори – трговци поединци, кои се во примена.

Од досегашната пракса произлезе потребата да се изготви дополнување на Насоките за подготовка на извештаите за транспарентност заради допрецизирање и утврдување на извршените законски и договорни ревизии, како и ревизиите на консолидираните финансиски извештаи, дигитализација на севкупниот процес, со цел да биде оптимализирана постапката за изготвување на збирен годишен извештај за транспарентност.

Предложените табела 1 и табела 2 (со под ставките), ќе бидат објавени во excel формат на веб страната на Советот (www.sunr.mk), каде сите друштвата за ревизија и овластени ревизори – трговци поединци имаат обврска да ги превземаат истите.

Пополнетите табела 1 и табела 2 во excel формат се доставуваат по електронски пат на официјалниот меил на Советот www.contact@sunr.mk, во законски предвидениот рок.

Обврската за достава на извештајот за транспарентност во хартиена форма до архивата на Советот, останува.

Согласно своите законски надлежности, а во врска со член 14, а во врска со член 8 став 1 и член 35 од Законот за ревизија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15, 192/15, 23/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/21), Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија, на седница одржана на 28.02.2024 година, ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на одлуката за усвојување на „Насоки за подготовка на извештајот за транспарентност".

**Претседател на Советот,**
**Александар Наумоски**